РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

| Примено: 01. 10. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 5578/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕДМЕТ: Барање за давање на автентично толкување на член 5 став (3) од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија" број 137/13 и 153/15).

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесувам Барање за давање на автентично толкување на член 5 став (3) од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија" број 137/13 и 153/15) (во натамошниот текст: Закон).

Имено, наведениот член 5 став (3) од Законот гласи:
„(3) Испит можат да полагаат лица кои се дипломирани правници кои студирале според Болоњската декларација и имаат 300 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) со работа од најмалку една година на правни работи во суд, јавно обвинителство, државен правобранител, народен правобранител, адвокат, нотар и извршител."

Имајќи ја предвид таквата содржина на одредбите од членот 5 став (3), ова Барање за давање на автентично толкување го поднесувам поради потребата да се појасни од кога би можел да се смета стажот поминат на правни работи, на кандидатите за полагање на правосуден испит, за исполнет услов.

Конкретно, доколку дипломиран правник со 240 кредити, паралелно стажира во некоја од законските институции, дали се смета оваа година стаж или потребно е најпрво да се стекнат 300 кредити па потоа да се стажира една година, и со тоа да се смета дека се целосно исполнети условите за полагање на правосудниот испит.

Согласно до сега елаборираното, автентичното толкување треба да разјасни дали одредбата од членот 5 став (3) од Законот за правосудниот испит се однесува и за една година работа на правни работи пред да се стекнат 300 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС).

Од причина што сметам дека оваа одредба е нејасна, барам Собранието на Република Македонија да даде автентично толкување на член 5 став (3) од Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија" број 137/13 и 153/15).

Пратеник:

Ивана Туфегџиќ